МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС>>

МЦМС е-Билтен

Јули/Август 2014

БРОЈ 156

Граѓаните на Делчево избраа нов проект

На 19 август 2014 година во Делчево се одржа шестата, дополнителна форумска сесија.



Сесијата беше дополнителна консултација со граѓаните заради проблемите кои се појавија при спроведувањето на проектот „Пешачки мост преку реката Брегалница“ избран на редовната петта форумска сесија. Градоначалникот на општина Делчево, Дарко Шехтански во своето обраќање пред граѓаните ги образложи постапките што ги презела општината заедно со имплементирачката организација и донаторот. Понудите кои пристигнале на двата тендери биле повисоки од планираниот буџет, а општината не е во можност да ги обезбеди дополнителните средства.

Градоначалникот ги замоли граѓаните да размислат својата поддршка да му ја дадат на проектот „Изградба и уредување на јавни површини“ кој е изведлив во рокот што е на располагање. Граѓаните гласаа. Проектот беше едногласно усвоен.

„Просторот што ќе се уредува со новиот проект навистина требаше да се уреди, запуштен е, а локацијата е многу добра. Јас како родител сакам да ги прошетам децата покрај реката, уште ако има и некоја содржина како игралиште за деца со лулашки, многу подобро ќе биде“, ни реле Дарко Гоцевски, учесник во Форумот. „Проектот на кој денес му дадовме поддршка ќе биде во полза на голем број граѓани. Се разбира, не можете да им се угоди на сите, ама мислам дека направивме добар избор“, рече тој.

И Васил Маневски од Делчево е задоволен од овој исход. „ Штета би било да не се искористат фондовите што ни стојат на располагање„, вели тој и додава дека се што ќе се направи ќе и остане на општината и на граѓаните.

Рокот за завршување на проектот е крајот на октомври 2014 година кога граѓаните ќе можат да го минуваат слободното време на уште една уредена патека во градот.

Подобри хигиенски услови за учениците од „Христијан Карпош“ во Куманово

Кон крајот на август 2014 година МЦМС заедно со организацијата ДРОМ од Куманово и општина Куманово ја започнаа реконструкцијата на санитарните јазли во основното училиште „Христијан Карпош“ во Куманово. Вкупната инвестиција ќе биде околу 2,2 милиони денари, а поголемиот дел од средствата се обезбедени од Фондациите Отворено општество од Будимпешта.



Сите очекуваат подобри услови во училиштетот и естетски и хигиенски

„Состојбата со тоалетите во училиштето беше многу лоша“, вели директорката Лидија Костиќ. „Канализациските цевки беа нефункционални и пред распаѓање. Често се затнуваа, а водата протекуваше на плафоните под самите санитарни јазли. Тешко се одржуваше хигиената во такви услови, а децата се плашеа да влезат гледајќи ги цевките како течат. И родителите често реагираа, се плашеа за нивните деца“, ни рече Костиќ.

Во училиштето настава посетуваат 1249 ученици од нив 126 се Роми. Вработени се 83 наставници и персонал што извршува административни и технички работи. Санирањето на оваа состојба значително ќе ги подобри хигиенските и техничките услови во училиштето и ќе го намали ризикот од ширење на епидемии.

МЦМС и општината се договорија заеднички да ја финансираат реконструкцијата на првото крило, кое е поприоритетно и пооштетено. Поддршката на МЦМС ќе изнесува 1,5 милиони денари, а на општината 0,7 милиони денари. МЦМС ќе и помогне на општината да мобилизира дополнителни фондови за реконструкција на второто крило со што ќе се санираат сите санитарни јазли во училиштето.

Реконструкцијата на санитарните јазли е проблем идентификуван од ромската заедница и треба да придонесе во воспоставувањето дијалог помеѓу општинската администрација и Ромската заедница во Куманово. Проектот е дел од програмата Пристап на Ромите до фондови (ПРФ) што ја спроведува МЦМС во партнерство со ИнСоК, а ја финансираат ФОО од Будимпешта.

Осигурувањето на работниците и детскиот труд меѓу најчестите прашања

Пред една година МЦМС го започна проектот „Информирање на земјоделците од општина Кривогаштани“ со кој создаде механизам за комуникација со тутунопроизводителите и работниците кај нив. Преку бесплатната телефонска линија (0800 246 80) и канцеларијата во Кривогаштани, двајцата оператори одговараат на прашања поврзани со работничките права, трудот и земјоделските практики.

Од октомври, кога официјално започна со работа линијата, до крајот на јули направени се вкупно 263 контакти со заинтересирани земјоделци, а само еден со работник кој бил ангажиран кај нив. Најголем бил интересот во последните два месеци кога се остварени 49 (во јуни) односно, 65 (во јули) контакти.

„До мај оваа година одзивот беше многу мал“, вели Наташа Димеска една од операторките во канцеларијата во Кривогаштани. „Кон крајот на мај започнавме ние да ги посетуваме, оттогаш нивните посети на канцеларијата како и телефонските повици се удвоија“, додава таа. Последната недела од мај, како и во текот на јуни и јули направени се вкупно 328 посети. Димеска смета дека посетите придонесле да се воспостави доверба меѓу операторките и тутунопроизводителите и дека по посетата тие полесно комуницираат со нив.
Најчесто поставуваните прашања се однесуваат на пари. Тутунопроизводителите се интересираат за субвенциите, за исплатата на откупениот тутун, за проценката на тутунот. Што се однесува на прашањата поврзани со работничките права и трудот, тие најмногу се интересираат за осигурувањето на работниците кои ги ангажираат како и за детскиот труд.



Посетите на терен ја јакнат меѓусебната доверба на тутунопроизводителите и операторите

„Задоволна сум од фидбекот што го добиваме. Нашите корисници полека стекнаа доверба во нас. Мислам дека постоењето и работата на канцеларијата има ефект, а тој ќе биде уште поголем во иднина, затоа што целото ова е процес и бара време“, вели Наташа Димеска.
Проектот е поддржан од Сокотаб, Алијанс Уан Македонија (АОМ) и Филип Морис интернационал менаџмент С.А. (Philip Morris International Management S.A.).

Застапување и лобирање за косовските граѓански организации

Од 30 јуни до 2 јули 2014 година, во Скопје, МЦМС одржа обука за застапување и лобирање за претставници на граѓански организации од Косово.

Учесниците имаа можност да се запознаат со концептот на застапување и лобирање, типовите активности, различните пристапи и основните елементи кои треба да го сочинуваат ефективното застапување и лобирање. „Ова е прв пат на сериозен начин да се среќавам со темата 'застапување и лобирање'. Познавањето на оваа тема е многу важно за нас кои работиме во граѓанскиот сектор", изјави Јелена Савиќ, соработник на проекти во Бизнис центарот во Звечан. Таа добила важни информации и упатства за тоа како да ги развие своите вештини. „Ќе ми биде од корист при работењето на следните проекти. Веќе имам визија како би можела да го решам проблемот на неорганизираните земјоделци на север во Косово", вели Јелена.

Низ практичната работа за време на обуката учесниците имаа можност да ја испробаат теоријата на темите и прашањата со кои се соочуваат во секојдневната работа. Тие идентификуваа прашања за застапување и лобирање, подготвија анализа на актерите, а потоа и план за застапување и лобирање.

„Обуката беше многу инспиративна и проактивна. Беше базирана на лични искуства и студии на случаи кои ни беа од голема помош бидејќи вклучуваа доста практична работа која ни ги обезбеди сите потребни чекори и информации за започнување на планирањето на застапувањето и лобирањето во нашите организации", рече Бард Кадиу од Косовската асоцијација за информатичка и комуникациска технологија од Приштина.

Обуката е дел од консултантската поддршка што МЦМС, во соработка со МДФ Холандија, ја дава за програмата Обединета коалиција за претприемништво, а која две холандски организации СПАРК и „Бизнис во развој" ја спроведуваат во Косово.



Нови вештини за подготовка на проекти

Дваесет и двајца претставници од општинските администрации на Шуто Оризари, Дебар и Куманово, Ромските информативни центри од Шуто Оризари и Куманово, како и претставници од ромските граѓански организации Дром-Куманово, Месечина-Дебар и РБИЦ-Шуто Оризари од 30 јули до 1 август 2014 г. во Скопје учествуваа на обука за подготовка на проекти кои треба да придонесат кон одржлива општествена инклузија на Ромите во Македонија



Работата во групи им даде практично искуство на учесниците

„Се надевам дека посетената обука за подготовка на проекти ќе резултира со остварување на зацртаните цели за социјално вклучување на Ромите во општествените текови. МЦМС ни помогна да создадеме одличен тим составен од претставници на граѓанските организации кои работат со Роми, општинската администрација, РИЦ и наставници од училиштата во кои учат дечиња Роми. Се надевам дека заедно ќе успееме да подготвиме успешен проект за интегрирање на Ромите. Големи комплименти и до нашите предавачи Валентина и Биљана, кои обуката ја извршија професионално, несебично пренесувајќи ни ги нивните практични искуства од областа на подготовка на проекти", вели Цветанка Арсиќ, советник во Одделението за заштита на животната средина при општина Куманово.

„Ни беше задоволство да бидеме учесници на оваа обука на која, од страна на МЦМС ни беше овозможено да научиме како да подготовуваме проекти со заеднички напори на општинската администрација и на граѓанскиот сектор. Впечаток ни остави тоа што обучувачите успеаја да го пренесат своето знаење, а работата во групи многу ни помогна во практичното совладување на темата", сметаат Едмонд Амити, Фисник Мисна, Беким Крлиу и Урим Куртиши од Дебар.

„Навистина корисна обука која се надевам дека нема да биде последна. Овој тип на обуки за подготовка на проекти, меѓудругото, овозможуваат расчистување на нејаснотиите околу аплицирањето до фондовите ИПА на ЕУ и до фондовите на други донатори и реално овозможуваат полесен пристап на Ромите до нив", вели Екрем Иљаз, претставник на општинската администрација на Шуто Оризари.

Оваа обука се реализираше во рамки на проектот „Општините во акција за Ромите", од програмата Пристап на Ромите до фондови (ПРФ), финансиран од ОСИ Будимпешта, со кој МЦМС во партнерство со ИнСоК придонесува кон градење на капацитетите на општинските администрации за зголемено и трајно социјално вклучување и партиципација во развојните процеси на Ромите во Македонија.

Обуката ја спроведоа Валентина Чичева (МЦМС) и Биљана Стевановска (ОРТ-Обука за одржлив развој)

Граѓаните се главната „засегната страна" во борбата против корупцијата

Од 3 до 12 јули, во Лаксембург (Виена), Австрија, беше одржана четвртата меѓународна летна академија „Practice meets Science" што ја организира Меѓународната академија за антикорупција. Во текот на десетдневната програма 65 учесници од над 46 земји имаа можност да ги проследат предавањата на повеќе од 18 истакнати предавачи и меѓународни експерти од различни сектори и држави. На академијата учествуваше и Борјан Ѓузелов од МЦМС.



Да се разбере корупцијата и да се дадат практични насоки за креирање ефективни политики

Обуката им беше наменета на професионалци кои работат во полето на антикорупцијата и имаше за цел да ги зајакне нивните капацитети и да им овозможи размена на искуства. Обуката обезбеди посеопфатно разбирањето на комплексноста на корупцијата, како и практични насоки за креирање на ефективни антикорупциски практики, иницијативи и политики.

Дел од дискусиите се однесуваа на мобилизирањето на граѓанското општество и вклучување на поширока колективна акција во антикорупциските иницијативи. Во борбата против корупцијата, граѓаните се главната „засегната страна", бидејќи тие се најчестите губитници од коруптивните зделки на политичките и бизнис елитите. Поради тоа граѓанската мобилизација и градењето на активно граѓанско општество се клучни за воспоставувањето на повеќе отчетост и транспарентност.

Учеството на претставник од МЦМС на меѓународна академија за антикорупција, беше уште една од низата активности на МЦМС за подобрување на своите капацитети за следење на корупцијата и нејзина превенција во рамките на Програмата на УСАИД за антикорупција. Програмата е спроведувана од МЦМС во партнерство со Институтот за демократија „Социетас Цивилис" Скопје (ИДСЦС), Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) и Транспарентност Македонија (ТМ). Целта на програмата е зголемена информираност и знаење на граѓанските организации и граѓаните за барање отчетност од институциите како и придонес кон нивниот повисок интегритет.